Архивски број: 08-40/3
14-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-781/1 од 06.11.2023 година поднесена од , преку Синдикат на полиција на Македонија, со седиште на ул. "Андон Шурков", бр. 45А во Велес, против претпоставен, старешински кадар во Полициска станица за граничен надзор Чашка – Регионален центар за гранични работи "Север" при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основ на национална, етничка и верска припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на национална, етничка и верска припадност во областа на работата и работните односи, сторена од страна на претпоставен, старешнински кадар во Полициска станица за граничен надзор Чашка – Регионален центар за гранични работи "Север" при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија врз лицето , вработен во Полициска станица за граничен надзор Чашка.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 06.11.2023 година, поднесена е претставка бр. 08-781/1 од лицето , преку Синдикат на полиција на Македонија, со седиште на ул. "Андон Шурков", бр. 45А во Велес, за сторена дискриминација врз основа на национална, етничка и верска припадност во областа на работата и работните односи, од страна на претпоставен, старешински кадар во полициска станица за граничен надзор Чашка – Регионален центар за гранични работи "Север" при Министерство за внатрешни работи.

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен во Полициската станица за граничен надзор "Чашка" во Регионален центар за гранични работи "Север" при Министерство за внатрешни работи. Подносителот наведува дека е дискриминиран врв национална, етничка и верска основа, а односот на старешинскиот кадар драстично се променил откако именуваниот поднел службена белешка во која ја нотирал дискриминацијата па наведеното имало последици како од аспект на постапките така и од аспект на зададените задачи од претпоставените. Посочува дека од наредбите за вршење на патролна служба (пеш)

било можно да се утврди дека тенденциозно се вршел пртисок врз него, како и деградирање и психичко вознемирување. Како што наведува во претставката, наместо наредбите да ги издава тој како раквoдител на смена, а согласно опис и попис на неговото работно место, истите ги добивал во писмена форма од страна на старешинскиот кадар и во нив било наведено дека работните задачи треба да ги извршува пеш. Понатаму наведува дека ако се изврши проверка на наредбите за останатите полициски службеници во останатите смени ќе се нотира дека тие работните задачи ги извршувале со службено возило, односно мотопатрола.

Според подносителот, за ситуацијата да биде уште покомплексна старешинскиот кадар вршел нееднаков третман на полициските службеници. Со преглед на месечниот распоред на ПС за ГН Чашка (за месец Октомври 2023 година) според подносителот може да се утврди дека на сите полициски службеници им биле доделени дополнителни часови со исклучок на него. Сето наведено придонесувало за недостатоци во интерното комуницирање и информирање, несоодветно и неадекватно однесување на раководните структури, неразграничени надлежности на вработените, конфликти и слично.

Во полициската станица за граничен надзор Чашка која претставувала објект од прв степен на самата гранична линија, биле ангажирани 22 полициски службеници, а според систематизацијата на работните места предвидени биле 57 полициски службеници, или според подносителот пополнетоста била на незавидни 38,59%. Непрофесионалниот пристап на старешинскиот кадар резултирал со зголемен број отсуства поради боледување, а со тоа се влијаело на севкупната подготвеност на полициската станица и безбедноста на државната граница.

Понатаму се наведува дека во оваа полициска станица работните задачи се извршувале во две смени од по 12 часа, првата смена од 07 до 19 часот, втората смена од 19 до 07 часот, а полициските службеници биле распоредени во 4 (четири) работни групи. Месечниот распоред за работна ангажираност на полициските службеници се правел однапред за цел месец и можел да претпи минорни промени во зависност од условите. Со превземање на новиот старешински кадар распоредот се менувал секојдневно и не се запазувало еднаквото ангажирање на полициски службеници по работни часови како и нивна застапеност во смените по национлна, етничка и верска основа. Понатаму на 18.10.2023 година според месечниот односно "дневен" распоред во смената од 19 до 07 часот подносителот бил ангажиран со уште тројца полициски службеници од иста национална, етничка и верска припадност што претходно не се случувало. Истото се повторило на 21.10.2023 година и на 22.10.2023 година што според подносителот било тенденциозно. Според наводите, претходно се запазувал составот на смените да биде мешан.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на ден 08.11.2023 година испрати Известување бр. 08-781/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Регионален Центар за гранични работи "Север", начачник, [redacted]. На 20.11.2023 година изготвен е Одговор од началникот [redacted], заведен под Рег. Бр. 22.17-2844/1, пристигнат во Комисијата на 29.11.2023 година

Во произнесувањето е истакнато дека подносителот на претставката е вработен во Полициска станица за граничен надзор Чашка како раководител на смена, а полициската станица се организира во смени во траење од по 12 часа. Полициската станица според наведеното може да функционира со персоналот со кој располага со тоа што полициските службеници биле ангажирани и вонредно за да се овозможел подобар квалитет во работата на полициската станица. Полицискиот службеник [redacted] во месец Октомври 2023 година, како и сите други полициски службеници бил планиран за пешачка патрола и мотопатрола во зависност од потребите на службата, а согласно Закон за гранична контрола според кој се предвидуваат пешачки патроли, мотопатроли и комбинирани патроли. Во врска со наводите за дискриминација се посочува дека во оваа полициска станица 63,63% од вработените полициски службеници биле од албанска националност поради што имало смени кога биле само припадници од една националност, а се земало предвид и користењето на отсуства по различни основи.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 04.01.2024 година испрати Барање до Министерството за внатрешни работи, за вршење на увид заради целосно утврдување на фактичката состојба со цел носење на соодветно мислење. На 11.01.2024 година беше извршен увид во просториите на Гранична полиција, евидентиран на Записник број 08-40/2 од 12.01.2024 година, при што беше извршен службен разговор со началник [redacted] – главен инспектор за граничен надзор. Од страна на претставници на Комисијата како докази се прибавени Прегледи за прекувремени работни часови и реализирани мотопатроли.

Врз основа на сето гореизнесено се утврди следната фактичка состојба: подносителот на претставката [redacted] е вработен во Министерство за внатрешни работи, Регионален центар за гранични работи "Север", Полициска станица за граничен надзор Чашка, како раководител на смена. Работата на полициската станица за граничен надзор Чашка се организира во смени во траење од по 12 часа. Во оваа полициска станица 63,63% од вработените полициски службеници биле од албанска националност па од тие причини полициските службеници се организираат во смени во кои се случува да има припадници од една националност, а се зема предвид и користењето на отсуства по разни основи. Врз основа на прибавени докази утврдено е дека подносителот на претставката [redacted] во периодот од месец

јануари 2023 година додекември 2023 година има остварено вкупно 108 прекувремени работни часови, 6 патроли и 64 моторни патроли. Од аспект на наведеното, бројот на прекувремени часови не отскокнува, односно ниту е драстично помал ниту поголем споредбено со бројот на прекувремени часови на други полициски службеници кои се вработени во Полициската станица за граничен надзор Чашка, а истото се однесува и на одработените моторни патроли чиј број е дури и поголем споредбено со другите полициски службеници.

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз подносителот на претставката од страна на претпоставени вработени во Полициска станица за граничен надзор Чашка, при Регионален центар за за гранични работи – “Север” во Министерство за внатрешни работи, а онака како што е таа дефинирана во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Поради ова се одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
14.02.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Димко Бејзароски

<u>Доставено до:</u>

- Синдикат на полицијата во Македонија
  Ул. Андон Шурков, бр. 45А, Велес
- Министерство внатрешни работи на РСМ , ул. „Димче Мирчев“ бр. 9, Скопје
  За Начални
- Архива на КСЗД